ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА АПРИЛ* 2010 ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И КРИМИНАЛОТ И СОСТОЈБАТА СО ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО ОПШТЕСТВОТО

Во месечниот извештај за април 2010 г. за состојбите во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството, ТМ сака да предупреди за следните случаи:

## ПОЛИТИЧКА КОНТАМИНАЦИЈА НА РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА

**1.** Визијата и концептот за Судскиот совет во Република Македонија се базира врз два суштински постулати. Првиот, мнозинството членови да бидат избирани од самата судска фела, на непосредни избори, во сите нивоа од судската хиерархија; и, вториот, избраните членови да бидат со силен личен кредибилитет. За жал, практиката покажа дека обата овие постулати не ги оправдаа очекувањата при изборот на **г. Бранко Ушковски** за член на Судскиот совет. Како се случи, при процесот на тајно гласање, да се нарушат овие два принципи, сé уште е мистерија, бидејќи резултатите од гласањето покажуваат силна политичка логистика.

Клучен фактор во работата на Судскиот совет е персоналната доминација на министерот **Михајло Маневски**. Таквата доминација се должи на неговата желба и желбата на извршната власт да воспостават целосна контрола врз работата на судството. На тоа, очигледно, не можат да се спротиставаат останатите членови од Советот, доведувајќи го во прашање и својот потребен личен интегритет.

Дека ваквата тенденција нема да се промени во догледно време говори и изборот на г. Ушковски за член на Судскиот совет. Со ваквиот избор направен е директен упад во Уставот на Република Македонија и во Законот за судски совет. Имено, чл. 104 од Уставот го поставува стандардот под кој не може да се оди при изборот на членови на Судскиот совет, предложени од Собранието на РМ, упатувајќи на универзитетски професори по право, адвокати и истакнати правници.

---

* *Транспарентност - Македонија* (ТМ) објавува редовни месечни извештаи за борбата против корупцијата и состојбата со транспарентноста во македонското општество, во областа на работењето на државните органи и другите општествени и политички институции во РМ. Преку извештаите ТМ укажува и предупредува на неправилности и непочитување на процедурите и добрите практики во спроведувањето на јавните политики

и трошењето на јавните пари. Намерата е актерите во македонската политика, како и граѓаните, овие забелешки да ги сфатат конструктивно, како еден континуиран и објективен механизам за следење на состојбите во РМ во областа на транспарентноста на општеството и борбата против криминалот и корупцијата. Месечните извештаи се финансирани од страна на ФИООМ (Фондација Институт отворено општество- Македонија).

Со оглед дека г. Ушковски не е ниту универзитетски професор, а ниту адвокат, очигледно е дека парламентарното мнозинство во него препознало истакнат правник. ТМ смета дека квалификативот "истакнат правник" не е гола и субјективна одредница, под која може да се протне каква било биографија. Зад овој квалификатив може да застане само лице кое има референтни научни трудови и/или евидентен практичен придонес во областа на правото. Г-динот Ушковски, како правник од Центарот за управување со кризи, ни приближно не може да се смести во категоријата истакнати правници. Тој нема ниту ден професионално искуство во судството, а се става во позиција да ја цени работата и стручноста на судиите во Република Македонија.

**ТМ искажува загриженост за натамошната компромитација на Судскиот совет и констатира дека суштината на проблемите на ова тело не се во неговиот концепт, туку во поведението на министерот Маневски и неговите партиски инсталации во Советот**.

**2.** Поставувањето на г-ѓа **Гордана Ивановиќ** за претседател на Комисијата при Агенцијата за електронски комуникации, тело што ја игра улогата на управен одбор на оваа важна институција, е уште еден пример на драстичен партиски упад во независноста на регулаторните тела. Согласно Законот за електронски комуникации, Агенцијата за електронски комумикации го врши надзорот, контролата и следењето на работата на операторите на електронските комуникациски мрежи и давателите на овие услуги, како и други прашања. Оваа Агенција има извонредно значајна функција во регулирањето на условите на пазарот во областа на електронските комуникации.

Имајќи ја предвид ваквата позиција на АЕК, неумесно е поставување на истакнат партиски кадар на ВМРО-ДПМНЕ за претседател на управното тело на Агенцијата. Во биографијата на Ивановиќ стои дека таа е член на партиската комисија за финансирање и монетарни прашања, а едновремено била и Секретар на Град Скопје, повторно како член на ВМРО-ДПМНЕ. Изборот на г-ѓа Ивановиќ се коси со одредбите од Законот за електронски комуникации, но и со препораките на ЕУ, во кои се апелира да се обезбеди неопходната независност на регулаторните тела. Наспроти тоа, регрутацијата на истакнати партиски кадри во регулаторните тела се претвори во правило на оваа власт.

**ТМ ја осудува политизацијата на регулаторните тела, со оглед на тоа што тоа неминовно упатува на конфликт на интереси во нивните раководни структури, што може да предизвика сериозни нарушувања на условите на пазарот.**

**ЗАКОНОДАВСТВО**

**3.** Озаконувањето на доминацијата на извршната врз законодавната власт е една од најопасните тенденции во демократијата, со што се дестабилизира потребниот баланс помеѓу двете основни функции на власта. Токму тоа се случува во Република Македонија со насилничкиот обид на Владата преку своето парламентарно мнозинство да ги „истурка“ **измените на Законот за државна ревизија**. Со тие измени Собранието ќе се оневозможи да ги разгледува извештаите на Државниот завод за ревизија во кои се содржани начините, постапките и износите на буџетските средства потрошени од јавните институции. Така, начелото на транспарентност како основен принцип на работа на секој носител на власт во демократските општества во Република Македонија сериозно се доведува под прашање. Со оглед на фактот што ДЗР нема и не треба да има обвинителски надлежности, единствениот механизам за контрола на јавноста врз трошењето на буџетски средства од јавните институции – објавувањето на извештаите на ДЗР, нивното доставување до Собранието и, кога е потребно, до Јавното обвинителство - се оневозможува. Со законската забрана извештаите на ДЗР да се разгледуваат од страна на законодавниот орган, се избегнува контролата на Собранието, но и на пошироката јавност врз финансиското работење на владините институции.

**ТМ прашува зошто Владата се плаши од транспарентност во трошењето на народните пари и врз кои анализи (споредбени и домашни) почива одлуката за законските измени со кои на Собранието на РМ му се забранува да извршува една од своите основни надлежности – контрола врз работата на извршната власт?**

**4.** МВР донесе Правилник за ПП опрема во кој се предвидоа нови трошоци за граѓаните на РМ. После само неколку дена од неговото стапување во сила, откако беше увидено дека за неговото донесување не постои ниту законски основ, ниту европска насока или директива, Правилникот беше ставен вон сила. Сепак, најголем број граѓани ја извршија краткотрајната обврска и потрошија пари за набавка на ПП апарати. Компаниите кои направија големи набавки за продажба на ПП апаратите се во загуба. Ова не е прв случај Владата да донесува подзаконски акти со кус рок на траење и да наметнува финансиски обврски за граѓаните кои, потоа, се укинуваат. Такви се случаите со фискалните патриотски сметки предвидени со Правилникот на Министерството за финансии (кој беше укинат од Уставниот суд, без надомест на штета за граѓаните), како и незаконската и застарена присилна наплата на фирмарините во градот Скопје, на сметките за радиодифузна такса нелегално наплатени од МРТВ и сл.

**ТМ прашува дали Владата на РМ, заради својот импровизантски и нестручен однос, планира да ги обесштети сите граѓани во државава кои биле изложени на финансиски трошоци предвидени со незаконити и нецелисходни акти?**

## ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**5.** Премиерот Никола Груевски направи насилен „упад“ во локалната власт преку формирање на партиски орган наречен **Совет на градоначалници од ВМРО-ДПМНЕ**. Со јавната „седница“ на овој партиски орган се засени работењето на единствената организација предвидена со закон на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС. На таа седница, Премиерот ги распрашуваше градоначалниците за нивната работа, им даваше упатства и насоки, со што изврши недвосмислена партизација и директно вмешување на централната власт во локалната самоуправа.

**ТМ прашува дали Премиерот во иднина планира да формира и нови партиски органи (совети) составени од директори, лекари, професори, наставници, државни и јавни службеници на ВМРО-ДПМНЕ и со тоа да ја партизира секоја пора на нашето општествено живеење?**

## ЗЛОУПОТРЕБА НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

**6.** Акцијата за пошумување и пописот на населението се два настани во месец април кои го привлекоа вниманието на јавноста, а за кои постои сомневање за злоупотребата на буџетските пари.

Навистина не е јасно како, само во еден ден, се засадија 7,5 милиони садници? Дали е возможно во оваа благородна акција да се засадат толку дрва, имајќи предвид дека и одзивот на населението годинава не беше толку масовен? Дали е возможно само дваесетина инспектори од Јавното претпријатие Македонски шуми да ја извршат целата инспекција, да констатираат колку дрва се засадени и за тоа да направат записници? Факт е дека повеќе никој никогаш не може да докаже колку дрва се засадени со оваа акција.

Пописот на населението, домаќинствата и на становите, што ќе се спроведе во април 2011 г., ќе чини 14 милиони евра, двојно повеќе отколку претходниот попис во 2002 г.. Ако целата организацијата на пописот е според истата методологија како и претходниот, тогаш зошто овој попис ќе чини двојно повеќе? Официјалните објснувања од Државниот завод за статистика за зголемениот број активности при пописот не може да ги оправдаат двојно поголемите трошоци. Најверојатно повисоките трошоци се поради двојно поголем број попишувачи, 20.000, за разлика од 2002 г. кога учествуваа 11.000 попишувачи, што ги поттикнува сомневањата дека се работи за платен ангажман на зголемен број партиски кадри.

**7.** Срамниот скандал во Агенцијата за европски образовни програми се покажа дека има далекусежни последици врз натамошното финансирање на програмите кои се финансира со европски пари. Имено, Европската комисија ги стопирала сите програми што Агенцијата ги реализирала со европски пари. Според првичните информации, европските фондови се проневерени за 260 илјади евра. Иако незаконското работење е очевидно,

премиерот Груевски го третираше овој случај само како „неетичко работење“.

Во Агенцијата за европски образовни програми во тек се две ревизии, една од Министерството за образование и втора независна (по барање на Европската комисија). **ТМ ги охрабрува ревизорите што побргу да ја спроведат ревизијата, а сите надлежни институции ги повикува да се заложат за побрзо расветлување на криминалот кој се правел во Агенцијата, бидејќи со ова е нарушен меѓународниот углед на Република Македонија.**

**8.** Наводите на државниот ревизор во ревизорскиот извештај за Агенцијата за странски инвестиции се покажаа како точни со обелоденувањето на случајот со економскиот промотор во САД. Државниот ревизор забележа дека за 18 економски промотори во периодот јануари 2008 – август 2009 се потрошени 39,95 милиони денари, но исто така констатираше дека во Агенцијата нема адекватен систем на контрола и следење на работата на економските промотори.

Случајот со економскиот промотор во САД најдобро ја прикажува сликата за тоа како работат економските промотори - економскиот промотор во САД, **Филип Петков**, во исто време кога е назначен на оваа должност основал компанија која, според информациите од нејзината веб-страница, функционира на америкаснскиот пазар. Овој случај според ТМ треба да се третира како злоупотреба на службената положба и судир на интереси.

**ТМ смета дека секој претставник на државата, па и економските промотори, треба да ги стават своите бизниси во мирување за да избегнат евентуалните конфликт на интереси.**

**ТМ ја повикува Владата посериозно да го разгледа работењето на економските промотори во странство и веднаш да постапи по препораките кои се дадени во извештајот на Државниот ревизор. Исто така Владата да ја преиспита целокупната работа на Агенцијата за странски директни инвестиции, бидејќи како од ревизорските извештаи, каде се констатираат низа пропусти во нејзиното работење, така и од фактичката состојба на нивото на странски инвестиции во РМ, може да се констатира дека Агенцијата не само што не ги остварува целите за кои е формирана, туку е и место каде што се направени злоупотреби.**

## СОСТОЈБИ ВО НВО СЕКТОРОТ

**9.** Продолжува една пракса која веќе подолг период се провлекува во Република Македонија односно создавање на виртуелни невладини организации чие делување е во директна корелација со потребите и интересите на владејачките центри на моќ, а со цел да се створи привид дека (особено владините) политики и практики се потпираат на активности и ставови на „слободни“ граѓански и невладини организации. И покрај таксативните одредби кои го забрануваат вршењето на политички

активности или користење на имотот и средствата на овие организации за остварување на цели на политичките партии, во јавноста во точно определени периоди се појавуваат здруженија на граѓани чија цел е да стават во втор план друго поважно прашање. Од друга страна пак невладините организации кои што даваат конструктивни критики односно ја критикуваат Владата се подложени на вербални напади или се етиктериаат како граѓански организации создадени од опозицијата. Така, ТМ во последниве неколку месеци беше неколку пати вербално нападната од страна на владеачката партија како организација која делува како продолжена рака на опозијата.

**Транспарентност Македонија укажува дека создавање на нови "по нарачка" невладини организации а напаѓање на сите оние кои ја критикуваат Владата не ја продлабочува демократијата во општеството туку напротив ја уназадува.**

**СЛУЧАЈ "ХИДРОСИСТЕМ ЗЛЕТОВИЦА"**

**10.** Македонската јавност ја разбранува скандалот поврзан со хидросистемот Злетовица, кој се реализира со кредит од 70 милиони евра од Владата на Јапонија. Имено, постојат сомневања дека во скандалот Златовица е вмешана фирмата „Силекс Неметали“ од Кратово, која е поврзана со актуелниот пратеник и претседател на Социјалистичката партија Љубисав Иванов-Ѕинго, кој воедно е и коалиционен партнер во Владата на РМ.

ТМ се сомнева во постапката за избор на оваа фирма за најповолен понудувач бидејќи оваа фирма првично била одбиена од страна на странските консултанти како фирма која нема никакво искуство за вршење на потребните работи. Сепак, тогашниот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство од редовите на Социјалистичката партија, а денешен амбасадор на РМ во Украина, ја потврдил подобноста на фирмата „Силекс неметали“ да биде подизведувач на градежните работи.

**ТМ го поставува прашањето врз основа на кои критериуми министерот Ацо Спасеновски ја утврдил подобноста на фирмата „Силекс неметали“ да може да биде подизведувач во изведување на градежните работи на хидросистемот Злетовица?**

**ТМ се сомнева дека не се почитувани никакви критериуми за избор на подизведувачот и дека станува збор за класична злоупотреба на политичката положба за стекнување на финансиска корист. ТМ ги повикува Владата и сите надлежни институции да го преиспитаат начинот на кој фирмата „Силекс неметали“ е избрана за најповолен понудувач и што е можно побрзо да ги затворат сите сомнежи кои се однесуваат на овој проект.**

Мај 2010

**Транспарентност Македонија**
**"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје Република Македонија**
**тел./факс: 02/ 31 21 100**

**www.transparentnost-mk.org.mk**